# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

**Службен весник на РМ, бр. 130 од 15.10.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за административните такси ("Службен весник на Република Македонија" број 17/93, 20/96, 7/98, 13/2001, 24/2003, 19/2004, 61/2004, 95/2005, 70/2006, 92/2007 и 88/2008), во членот 26 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
"Плаќањето на таксите може да се врши и преку мобилни оператори за плаќањето на таксите во износ до 250 денари за издавање на патна исправа, возачка дозвола и лична карта."
По ставот 3 кој станува став 4 се додава нов став 5, кој гласи:
"За начинот на плаќање на административните такси преку мобилни оператори Министерството за финансии ќе склучи договор со мобилните оператори."
Ставот 4 станува став 6.

**Член 2**

Договорот од членот 1 став 2 на овој закон, кој се однесува на новиот став 5 во членот 26 ќе се склучи во рок од 60 дена, од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 ноември 2008 година.